ГРАЃАНСКИ
РЕСУРСЕН
ЦЕНТАР

ПРЕДЛОГ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

Скопје, јануари 2024 година

| | | |
|---|---|---|
| **Визија** | Зајакнато граѓанско општество кое активно учествува во креирањето политики и придонесува кон партиципативна демократија | |
| **Мисија** | Да се поддржат граѓанските организации, кои се гласот на граѓаните и суштинскиот чинител на демократијата, за да бидат ефективни, отчетни и одржливи независни чинители | |
| **Стратешки, долгорочни цели** | 1. | Одржливо и ефективно граѓанско општество, кое активно влијае на јавните политики и општествените промени и придонесува кон партиципативна демократија |
| | 2. | Зголемена јавна доверба во граѓанските организации кои дејствуваат за остварување на интересите на граѓаните |
| | 3. | Поволна средина за развој на граѓанското општество |
| | 4. | Поддржан процес на евроинтеграции на земјата |
| | 5. | Поттикната соработка и развој на партнерства |
| | 6. | Загарантирани човекови права на сите граѓани |
| **Целни групи** | Граѓански организации<br>Државни институции<br>Граѓани | |
| **Главни вредности и принципи** | ✓ Независност<br>✓ Одговорност и транспарентност<br>✓ Учество<br>✓ Партнерство<br>✓ Толеранција<br>✓ Оддржливост<br>✓ Еднакви можности | |
| **Методи на работа** | Развојна поддршка (градење капацитети, развој на капацитети, финансиска поддршка)<br>Застапување (информирање, подигање на свеста, едукација, креирање политики, влијание врз јавната политика, следење и барање одговорност) | |

# А. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

На 2 јануари 2023, започна со спроведување четиригодишната програма „ЕУ поддршка за Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2" финансирана преку директен грант од Европската Унија во висина од еден милион евра. Оваа програма е во согласност со и ќе придонесе кон остварување на шестте долгорочни стратешки цели на ГРЦ.

**Општата цел** на програмата е зајакнато граѓанско општество кое активно учествува во креирањето политики и придонесува за зајакнување на партиципативната демократија во земјата.

**Конкретна цел** е зголемен капацитет и отпорност на граѓанските организации да бидат компетентни, ефективни и отчетни независни чинители и околина која е поволна за граѓанското општество.

Очекувани **резултати** на програмата се:

1. Граѓанските организации имаат подобри капацитети, долгорочно планирање, одржливост, видливост, застапување, ефективност и работат на потранспарентен и поодговорен начин.
2. Граѓанските организации се подобро информирани, вмрежени и работат на поефикасен начин.
3. Поставени се основи за самоодржлива, инклузивна платформа низ целата земја за поддршка на граѓанските организации.
4. Околината за граѓанското општество е поповолна: граѓанскиот дијалог е подобрен, институциите се позитивни и отворени за иницијативите на граѓанските организации.

Програмата се спроведува според годишниот план и одобрената проектна апликација без поголеми одложувања. Трите ресурсни центри во Скопје, Гостивар и Штип континуирано обезбедуваат услуги за граѓанските организации, особено за локалните организации. Организациите добиваат информации, насоки, советодавна и друга поддршка од ресурсните центри. Организациите ги користат просториите на трите ресурсни центри, како и бесплатниот ZOOM за организирање на своите настани. Релевантни информации редовно се споделуваат на мејлинг листата на граѓански организации.

Во 2023 година беа реализирани пет работилници, две дебати, три информативни настани, четири консултативни настани и осум посети на Мобилниот ресурсен центар со кои беа опфатени над 400 претставници на граѓански организации и други чинители. Подготвени и промовирани се: онлајн алатката за организациска самооценка, онлајн база на податоци за мрежи на ГО, три воведни онлајн предавања во онлајн Академијата и три истражувања.

## 1. *Граѓанските организации имаат подобри капацитети, долгорочно планирање, одржливост, видливост, застапување, ефективност и работат на потранспарентен и поодговорен начин*

Во рамки на онлајн **Академијата** беа подготвени три воведни онлајн предавања со ресурсни материјали за: Стратешко планирање, Добро управување и Транспарентност и отчетност. Изборот на темите за овие онлајн курсеви се усогласени со третата специфична цел на новите Насоки за поддршка на ЕУ за граѓанското општество во земјите за проширување 2021-2027 година, кои се фокусираат на зајакнати капацитети и одржливост на ГО за ефикасно

спроведување на нивните активности. Овие онлајн обуки веќе беа проследени од повеќе од 100 претставници на граѓански организации во 2023г.

Петте **работилници** спроведени во 2023 година беа предвидени како последователна активност на онлајн Академијата. Предуслов за учество на овие работилници беше посетувањето на соодветните онлајн курсеви за темата на која се однесува работилницата. Идејата беше, по стекнатото основно знаење од онлајн обуките, учесниците на работилниците да дискутираат за дилемите, да се разјаснат одредени прашања, како и преку практична работа да се здобијат со вештини и знаења за примена на наученото во нивното секојдневно работење на соодветните теми. Спроведените работилници се на следниве теми: две работилници за генерирање фондови - планирање проекти и пишување на проектна апликација во Скопје и во Штип, една за Добро управување, една за Транспарентност и отчетност и една за Стратешко планирање. На овие работилници беа обучени вкупно 99 претставници на граѓански организации.



Слика 1: Работилница за подготвување на проектни апликации



Слика 2: Работилница за стратешко планирање

Со цел граѓанските организации да го идентификуваат својот капацитет и отпорност за да бидат компетентни, ефикасни, ефективни и отчетни независни чинители, беше подготвен **Инструмент за самооценка на организациските капацитети**. Овој инструмент е наменет за инспирација и водење на организациите во откривање на нивните организациски состојби во десет категории: (1) Стратешки менаџмент, (2) Проектно работење, (3) Управување и структура, (4) Човечки ресурси, (5) Организациски вредности, посветеност и култура, (6) Администрација и финансии, (7) Медиуми и односи со јавност, (8) Соработка и партнерства, (9) Капацитети за застапување и (10) Капацитети за испорака на услуги. Преку оваа алатка граѓанските организации можат подобро да ги разберат нивните потреби за градење капацитети во секое време, а од друга страна ГРЦ ќе има јасна слика за севкупните потреби за зајакнување на нивните капацитети. Во 2023 година Инструментот за самооценка на организациските капацитети го пополнија вкупно 40 организации. Со цел да се обезбеди успех и резултати од градењето капацитети, предвидено е спроведување на менторска поддршка на граѓанските организации на различни теми а во 2023 се спроведени пет менторски сесии.

Трите ресурсни центри во Скопје, Гостивар и Штип се функционални и обезбедуваат редовна **поддршка за организациите**, како и на граѓаните заинтересирани за прашања поврзани со граѓанско општество. Локалните организации имаат можност да користат советодавна и логистичка поддршка од локалните ресурсни центари за прашања релевантни за нивното работење. Во рамките на оваа поддршка, организациите главно бараа совети или појаснувања во врска со можностите за финансирање, основни административни прашања или контакти од други организации. На граѓаните најмногу им е потребна помош за формализирање и регистрирање на нивната организација или како би можеле да станат активни или да се вклучат во некоја организација. Во 2023 година, трите ресурсни центри обезбедија поддршка на **208** барање од граѓански организации и други граѓани. Поддржаните

организации се главно од соодветните градови, иако има поддржани организации и од регионите. На располагање на граѓанските организации во текот на годината им беа просториите во рамките на ресурсните центри во Скопје, Гостивар и Штип, но беше обезбеден и бесплатен онлајн простор преку ZOOM Pro. Во текот на 2023 година ресурсните центри позитивно одговорија на **201** барање за користење на простор во Скопје, Штип и во Гостивар, како и **25** барања за ZOOM.

## 2. *Граѓанските организации се подобро информирани, вмрежени и работат на поефикасен начин*

Организациите продолжуваат да добиваат информации за можностите за финансирање, законските измени кои влијаат на нивното работење, информации за настани на други граѓански организации или други засегнати страни, како и други релевантни информации. Редовното **споделување информации** за настани и активности на други граѓански организации го зголемува нивото на размена на информации, но исто така ја подобри и видливоста на организациите. Во 2023 година беа испратени вкупно 220 информации до граѓанските организации, при што најголем дел од овие информации (околу 150) се споделени до целата мејлинг листа која во моментот содржи повеќе од 8000 адреси на граѓански организации и други чинители. Подготвени и споделени се 12 месечни прегледи на можностите за финансирање. Месечните прегледи содржат повеќе од 50 различни отворени повици за финансирање на ГО. Овие прегледи даваат навремени информации за организациите и ги зголемуваат нивните можности да аплицираат за финансирање и да ја подобрат својата одржливост.

Продолжува следењето на електронскиот портал – Единствен национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) и подготвувањето и споделувањето на неделни прегледи кои содржат најави за почеток на подготовка на предлог закони, информации за предлози на закони ставени на ЕНЕР во текот на претходната недела, како и директни линкови до предложените закони за да можат граѓанските организации и граѓаните да коментираат и да даваат предлози на ЕНЕР за предложените закони. Во 2023 година, беа подготвени и споделени **30** неделни прегледи на соодветната мејлинг листа која содржи информации за почеток на процесот на креирање закони за 44 закони и 32 нацрт-закони ставени на ЕНЕР за консултација.

Во 2023 година, спроведени се **19** настани. Следуваат повеќе детали за овие настани.

а) **Дебати**: Продолжи практиката на организирање дебати за горливи прашања со цел да се дебатира и да се добијат конкретни препораки за дејствување. Во 2023 година беа организирани две вакви дебати. Првата беше на темата „Структуриран и одржлив дијалог меѓу граѓанските организации и институциите", организирана на 3 ноември во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје и онлајн на платформата ЗООМ. На дебатата активно учествуваа околу 70 владини и претставници на граѓанските организации. На дебатата беа споделени регионалните искуства од Црна Гора и Албанија за функционирањето на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанските организации. Дебатата стави фокус на бојкотот на работата на Советот од страна на граѓанските организации членки на Советот кој што започна во март 2022 година и се уште трае. На дебатата беше презентиран и Извештајот за работата на Советот во 2022 година.


Слика 3: Дебата за соработка меѓу Владата и ГО


Слика 4: Дебата за културата на волонтирање

Втората дебата беше спроведена во ресурсниот центар во Штип на 5 декември, Светскиот ден на волонтерството на тема: Културата на волонтирање – реалност или предизвик. На настанот повеќе од 80 претставници на граѓански организации и млади имаа можност да дебатираат за состојбата, но и како да се подобри културата на волонтирање во државата. Во дискусијата се констатираше дека законската рамка за волонтирање во државата ги има основните предуслови за непречено волонтирање на сите заинтересирани поединци и субјекти кои имаат интерес да вклучат волонтери, но за интензивирање на културата на волонтирање потребно е проактивна улога од страна на здруженијата на граѓани на локално ниво, институциите, стопанските субјекти, училиштата и секако соодветна мотивација на сите заинтересирани лица да имаат интерес да волонтираат во заедницата во која делуваат.

б) **Информативни настани**: Беа спроведени четири информативни настани чија што потреба произлезе од прашања покренати до бирото за поддршка. Три информативни сесии со учество на 51 претставник на ГО беа организирани на тема: Учество на граѓанските организации во креирање политики. Настаните беа организирани во периодот од 5 до 7 јуни во Гостивар, Штип и Битола со цел да се опфатат локалните организации. На настаните беа споделени и наодите од извештајот „Огледало на Владата: Учество на јавноста во процесите на подготовка на законите, Годишен извештај од следење на ЕНЕР во 2022 година”. Поради ниското и намалено ниво на користење на ЕНЕР од страна на граѓаните овие информативни сесии послужија за информирање и подигање на свеста за користење на оваа онлајн платформа како корисна алатка за учество на граѓанските организации во процесите на креирање политики. Четвртиот информативен настан беше организиран на 17 октомври со членовите на Сојузот на здруженија на пензионери на Град Скопје и беше посветен на Законот за заштита на личните податоци. Експертот во оваа област ги запозна претставниците на здруженијата на пензионери со нивните обврски како здруженија, со чекорите на спроведување како и со правата како корисници на личните податоци.


Слика 5: Инфо-сесија за учество на ГО во креирање политики


Слика 6: Инфо-сесија за учество на ГО во креирање политики

в) **Консултации**: Во 2023 година беа организирани пет консултативни средби наместо планираните две. Три од овие средби беа организирани со Одделението за соработка со невладини организации а две беа организирани со Делегацијата на Европската Унија. Во март 2023 година во Скопје, Гостивар и Штип беа организирани консултативните средби за Нацрт-Извештајот за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество. Нацрт-извештајот за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 за 2022 година беше презентиран пред околу 80 граѓански организации и други релевантни чинители кои дискутираа за статусот на спроведувањето на активностите и дадоа предлози за приоритетите и спроведувањето на Стратегијата во следниот период. На консултативните средби, локалните организации доминантно се фокусираа на потребата од подобро информирање за активностите на централно ниво, за законските измени што се однесуваат на организациите, како и за јакнење на нивните капацитети за активно вклучување во процесите на креирање политики и застапување за општествени промени. Тие ја истакнаа потребата од подобро вмрежување и соработка на локално ниво за да се креира силна база за застапување пред државните институции.



Слика 7: Консултации за спроведување на Стратегија за соработка Влада - ГО

На барање од Делегацијата на Европската Унија беа организирани онлајн консултации за Повик за предлози во рамките на ИПА III Инструмент за поддршка на граѓанското општество и медиумите 2022 – 2023 и онлајн консултации за Акцискиот план на ЕУ за родови прашања (GAPIII). Овие два онлајн настани беа организирани на платформата ЗООМ со учество на околу 70 учесници.



Слика 8: Мобилен ресурсен центар во Крива Паланка



Слика 9: Мобилен ресурсен центар во Тетово

г) **Мобилен ресурсен центар**: Посетите на Мобилниот ресурсен центар започнати во првата фаза од проектот продолжија со мали измени и проширувања. Така, покрај средбите со локалните граѓански организации и претставниците на општината, напори беа направени да се организираат средби и со останати чинители како млади, бизнис заедницата и академската заедница. Практиката на користење на локални организации домаќини за организирање на овие посети продолжи, но со поструктуриран пристап со цел да се олесни долгорочната соработка, особено имајќи го предвид воспоставувањето на платформата за поддршка на ГО. Покрај информативниот карактер на овие посети, дополнително се зајакна компонентата за учење, како и соработката и вмрежувањето на локално и регионално ниво.

Овие посети им даваат можност на локалните организации да информираат за предизвиците со кои се соочуваат и за прашањата на локалната заедница што треба да се решат. Во 2023 година беа спроведени осум посети на Мобилниот ресурсен центар во следните општини: Крива Паланка, Тетово, Теарце, Ресен, Дојран, Демир Хисар, Пехчево и Македонски Брод на кои учествуваа 120 претставници на локални организации и други локални чинители.

Врз основа на анализата на активните мрежи на ГО направена во првиот квартал, во мај беше креирана онлајн база со мрежи на граѓански организации. Базата се состои од 100 активни мрежи кои може да се пребаруваат по област на делување.

## 3. *Поставени се основи за самоодржлива, инклузивна платформа за поддршка на граѓанските организации*

Овој резултат треба да биде постигнат преку воведување на антени на ресурсните центри со цел да се допре до локалните организации во сите плански региони и да им се обезбедува редовна поддршка.

Во првата половина од годината беше отворен повикот за избор на експерт за спроведување на физибилити студија, меѓутоа на отворениот повик не беше избран експерт. На крајот од 2023 година е изготвен повик за избор на локални експерти од граѓанското општество од различните плански региони кои ќе служат како антени на ресурсниот центар. Тие треба да обезбедуваат насоки, ресурси, обуки и менторство за подобрување на капацитетите на локалните организации во соодветните плански региони. Тие треба да ја поттикнуваат соработката и вмрежувањето меѓу организациите а дополнително треба да го овозможат споделувањето на знаење и ширење на добрите практики меѓу ГО.

## 4. *Околината за граѓанското општество е поповолна: граѓанскиот дијалог е подобрен, институциите се позитивни и отворени за иницијативите на ГО*

Следењето на состојбата и трендот во граѓанското општество е од суштинско значење за дефинирање на потребите за градење капацитети на граѓанските организации, опкружувањето за функционирање на ГО како и за насочување на идните политики и потреби за интервенции. Во април беше изготвен **Годишниот извештај од следењето на состојбата во граѓанското општество за 2022 година**. Оваа анализа е во согласност со Мониторинг Матрица за овозможувачка околина за развој на граѓанското општество и обезбедува информации за граѓанското општество врз основа на индикаторите дефинирани во насоките за ЕУ поддршка на граѓанското општество.

Редовно се следеше работата на **Советот** за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и беше изготвен годишен извештај за работата на Советот во 2022 година. Извештајот беше презентиран на дебата за Советот организирана во ноември 2023 година. Еден од заклучоците во извештајот е дека Владата на Република Северна Македонија не се консултираше со Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество при носење на клучни одлуки поврзани со државното финансирање. Ова беше една од клучните причини за почетокот на бојкотот на работата на Советот од членовите на Советот од редот на граѓански организации (март 2022).

Во 2023 година не беше изготвен посебен годишен извештај во сенка за спроведувањето на Стратегијата за соработка и поддршка на граѓанското општество и Акцискиот план за 2022-2024 година но во рамки на програмата беа организирани три

консултативни средби со граѓанските организации за владинот [Нацрт-извештај за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 за 2022 година]. Консултациите укажуваат на реално претставување на спроведувањето на Стратегијата во владиниот извештај.

ГРЦ продолжува да подготвуваме месечни извештаи од следењето на **ЕНЕР** и степенот на почитување на одговорноста на државните органи да ги објавуваат нацрт-закони за ЕНЕР пред истите да бидат усвоени на седница на Влада. Беа подготвени 12 вакви месечни извештаи во 2023 година како и [Годишниот извештај Огледало на Владата: учество на јавноста во процесите на креирање закони за 2022 година]. Овој извештај ја анализира вклученоста на ГО и на граѓаните во процесот на донесување закони. Во 2022 година 37% од предлог-законите усвоени на Влада и доставени до Собрание биле објавени на ЕНЕР, односно министерствата не ги објавуваат поголемиот дел од предлог-законите на ЕНЕР. Со Извештајот се констатира влошена состојбата во споредба со претходните години (41% во 2021г. и 49,6% во 2019г.). За жал, намален е и интересот на јавноста за коментирање на ЕНЕР. Граѓаните минимално го користат ЕНЕР за да ги кажат своите мислења за предлог-законските решенија во рана фаза на подготовка. Поставени се 112 коментари за 23 од вкупно 39 предлог-закони објавени на ЕНЕР во 2022г.

Подготвена е **методологија за мерење на активностите на организациите за застапување** која што резултираше со онлајн алатка за следење на активностите за застапување на ГО. Алатката ќе биде достапна на ресурсната веб-страна и организациите ќе можат соодветно да ја пополнуваат пред, за време и по завршување на нивните иницијативи за застапување. Според методологијата со оваа алатка ќе може да се води евиденција за различните типови на активности што организациите ги користат при спроведување на иницикативи за застапување како што се анализи, кампањи, различни настани, промоција на социјални медиуми итн. Исто така, алатката содржи дел финансирање на иницијативата за застапување со цел оваа платформа да биде место за поврзување на иницијативите за застапување со потенцијалните донатори. Ова дополнително ќе ги мотивира организациите да ги регистрираат своите иницијативи за застапување на платформата.

# Б. ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

Имајќи предвид дека ГРЦ е новооснована фондација, од организациските активности во 2023 фокус беше ставен на изработка на основните интерни акти на фондацијата, односно изготвени и усвоени се Правилник за финансиско работење и Правилник за вршење набавки. Редовно се изготвува годишен план на архивски знаци и сите пропратни документи и соодветно се спроведува воведената процедура за архивирање.

Во 2023 година членовите на **Управниот одбор** одржаа две седница на кои беа донесени Годишниот извештај за 2022, Годишната програма за работа на фондацијата за 2023 г Полугодишниот извештај за првата половина од 2023 и два интерни акти на фондацијата.

Подготвена е **Стратегијата** на ГРЦ за периодот 2024-2027 и истата треба да биде донесена на почетокот од 2024 г.

Согласно на Статутот на фондацијата, нема **вработени** во ГРЦ. Потпишан е договор за раководење меѓу ГРЦ и МЦМС, со што дел од персоналот вработен во МЦМС е ангажиран да

ги спроведува проектните активности на програмата „ЕУ поддршка за Граѓанскиот ресурсен центар".

ГРЦ има целосно функционална и ажурирана **веб-страна** (www.rcgo.mk). Дел од содржините се публикуваат и на ФБ профилот овозможувајќи што е можно поголема видливост на работењето на ГРЦ. Во 2023 година, беа објавени 36 вести на веб-страната како и низа ресурсни материјали. Веб страната имаше 9,406 прегледи, при што најпосетуван дел од веб-страната е месечниот преглед на финансиски можности за граѓанските организации. ФБ профилот на ГРЦ има 3219 следачи.

## В. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Финансискиот извештај е подготвен како посебен документ.

ВВл/ВВл
Бр. 01-16/1-2024
Скопје, 28.01.2024 г.

Валентина Величковска
извршен директор